| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ПРАВО НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО | | | |
| 2. | Код | 5080308 | | | |
| 3. | Студиска програма | ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Втор степен | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 5/9 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | | Проф. д-р Родна Живковска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | |

**10. Цели на предметната програма (компетенции):**

Концепцијата на предметната програма по предметот Право на културно наследство има за цел студентите да се стекнат со теоретски практични познавања од областа на правото на културно наследство.

Од студентот пред се очекува да се запознае со правната регулатива од оваа област. Се очекува студентот да ја совлада техниката на правилна примена на законските прописи (читање, толкување и аплицирање на законските норми на конкретни случаи) од областа на Правото на културно наследство.

Преку наставната програма се очекува студентот да се запознае со видовите на културно наследство, неговото користење, располагање и заштита во правниот систем на Република Македонија. Пред се студентот треба да знае како се третира културното наследтво воопшто во правото како и кои се правата и обврските на физичките и правните лица во поглед на заштитата на културно наследство, формите на нивна заштита, органите надлежни за преземање на мерки за заштита и вршење надзор на преземените мерки и др.

Исто така студентот преку анализирањье на културното наседство ќе има можност да се запознае и со компаративните одредби од оваа област и тоа: на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија, како и со англосаксонското право.

**11. Содржина на предметната програма:**

Предметната програма Право на културно наследство ја изучува правната регулатива на културното наследство кое претставува ствар од општ интерес. Со оглед на фактот дека кулурното наследство се третира како ствар од општ интерес, во рамките на оваа предметна програма ќе бидат опфатени следниве прашања:

- Определување на поимот ствари;
- Видови ствари;
- Правниот режим на стварите од општ интерес според Уставот на Р. Македонија и според Законот за сопственост и други стварни права;
- Определување на поимот културно наследство;
- Правен режим на културното наследство;
- Заштита на културното наследство;
- Надлежни органи и институции за заштита на културното наследство.

Предметната програма опфаќа и компаративно изучување на правниот режим на културното наследство во земјите членки на Европската Унија (Р. Франција, Р. Германија, Р. Италија, Р. Словенија, Р. Бугарија) , земјите од соседството – кандидати за членство во Еврпската Унија (Р. Хрватска, Р. Србија, Р. Албанија), како и правниот режим на културното наследство во другите современи правни системи.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | **Методи на учење:** | Интерактивна настава, симулација на случаи, изработка на проекти и истражувања | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 5+0+1,2+0+3,5 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Предадена проектна задача | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

**22. Литература**

**22.1 Задолжителна литература**

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Р. Живковска | Стварно право | Европа 92 | 2005 |
| **2.** | Р. Живковска, Т | Збирка на прописи од стварното право – Практикум, | Европа 92 | 2010 |
| **3.** | П.. Спаркс | Европско стварно право | Просветно дело | 2009 |

**22.2 Дополнителна литература**

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Џ.Гордли | Основи на приватното | Просветно | 2009 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа | дело | |